**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:**

Ве повикувам колеги пратеници со едноминутно молчење да оддадеме почит на нашите паднати херои.

(Пратениците со едноминутно молчење им оддаваат почит).

Слава им.

Дами и господа пратеници, некој мудрец рекол дека војната е време кога старците ги погребуваат своите најмили, свите млади, а мирот е нормално време кога младите ги погребуваат своите старци. За жал, живееме во еден ненормален свет, изврten свет во кој и мирот веќе за да се одржи бара свои смртни жртви. Тие што гинат на патот на мирот се благословени. Господ нека ги благослови нашите херои припадници на Армијата.

Сега, гледајќи ве вака тажни, чувствувајќи се сам себеси празен, би предложил ако немате ништо против денеска да ја подоставиме државната работа, иако таа не треба да чека и да се свртиме малку на едни подлабоки мисли, да се свртиме малку да помислиме и на семејствата на загинатите и воопшто, да се свртиме кон суштината на животот која често ни бега кога овде дебатираме.

Затоа предлагам денес да не работиме пленарно. Се разбира сите други служби, комисии и тн. се да си тече нормално. А утре бидејќи е ден на жалост, нема да работиме.

Тој предлог не сакам тривијално да одам по процедура, се прифаќа ли овој предлог?

Гледам дека сите прифаќате немо, како што доликува на темата на смртта.

Исто така, сакам да ви соопштам и да пожелам брзо оздравување на нашиот драг колега Цветан Грозданов кој се здоби со повреди во сообраќајка, доаѓајки денес на работа. Се надевам дека ќе оздрави. Информациите се од болницата “Свети Еразмо” во Охрид. Информациите не се лоши, има лесна черепна фрактура, контактибилен е, има лесни телесни повреди. Толку за денес. Има и вакви денови.

(Седницата заврши во 12,39 часот)